*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 3 2 март 2006 година Ш т и п | ГОДИНА XLIII |


64.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ВО ПЕРИОДОТ ОД 13 АПРИЛ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на одлуките донесени од Советот на Општината Штип во периодот од 13 април до 31 декември 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-650/2
2 март 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

65.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 февруари 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ ОД СОВЕТОТ НА

ОПШТИНАТА ШТИП ВО ПЕРИОДОТ
ОД 13 АПРИЛ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршување на одлуките донесени од Советот на Општината Штип во периодот од 13 април до 31 декември 2005 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-650/1
27 февруари 2006 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

66.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ВЕДНАШ СУДСКА ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТОК ОД АД ЕСМ КОН ОПШТИНА ШТИП ПО ОСНОВ НА УЧЕСТВО ВО ИЗГРАДБАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНАТА

I

Се објавува Одлуката за поведување веднаш судска постапка за надоместок од АД ЕСМ кон Општина Штип по основ на учество во изградбата на инвестициони енергетски објекти во Општината.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-651/2
2 март 2006 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

67.

Врз основа на член 48 став 3 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 февруари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ВЕДНАШ СУДСКА ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТОК ОД АД ЕСМ КОН ОПШТИНА ШТИП ПО ОСНОВ НА УЧЕСТВО ВО ИЗГРАДБАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНАТА

### Член 1

Се поведува судска постапка за надомест од АД ЕСМ кон Општина Штип по основ на учество во изградбата на инвестициони енергетски објекти во Општината.

Постапката пред Основниот суд во Штип да се поведе со поднесување Предлог за извршување.

### Член 2

Заради утврдување на целокупната постоечка документација за изградените инвестициони енергетски објекти во Општината и преговарање со АД ЕСМ за изнаоѓање начин за спогодување, се формира координативно тело составено од претставници од:

- Советот на Општината Штип
- Општинската администрација
- ЈП "Штип-проект"
- АД ЕСМ Електро-Штип

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-651/1
27 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с.р .

68.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ
ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО
ЗА УТВРДУВАЊЕ ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА
ИЗГРАДЕНИТЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ
ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за именување членови на Координативното тело за утврдување документацијата за изградените инвестициони енергетски објекти во Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-651/3
2 март 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

69.

Врз основа на член 21 точка 31 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 февруари 2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО
ЗА УТВРДУВАЊЕ ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА
ИЗГРАДЕНИТЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ
ВО ОПШТИНАТА ШТИП

1. За членови на Координативното тело за утврдување документацијата за изградените инвестициони енергетски објекти во Општината Штип **се именуваат**:
   - **Ристо Јанков**
   - **Владимир Соколов**
   - **Тони Атанасов**
   - **Александар Шумански**
   - **Соња Китанова**
   - **претставник од АД ЕСМ Електро Штип**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-651/2
27 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 64. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на одлуките донесени од Советот на Општината Штип во периодот од 13 април до 31 декември 2005 година | 89/3 |
| 65. | Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на одлуките донесени од Советот на Општината Штип во периодот од 13 април до 31 декември 2005 година | 89/3 |
| 66. | Решение за објавување на Одлуката за поведување веднаш судска постапка за надоместок од АД ЕСМ кон Општина Штип по основ на учество во изградбата на инвестициони енергетски објекти во Општината | 90/3 |
| 67. | Одлука за поведување веднаш судска постапка за надоместок од АД ЕСМ кон Општина Штип по основ на учество во изградбата на инвестициони енергетски објекти во Општината | 91/3 |
| 68. | Решение за објавување на Решението за именување членови на Координативното тело за утврдување документацијата за изградените инвестициони енергетски објекти во Општината Штип | 91/3 |
| 69. | Решение за именување членови на Координативното тело за утврдување документацијата за изградените инвестициони енергетски објекти во Општината Штип | 92/3 |